[Прес соопштение] Денес, 9 декември 2007 година, во 2007 година Европска година за еднакви можности на сите, пред 10 декември, Меѓународен ден  на човековите права, повеќе граѓански организации одржаа прес конференција на која беше промовирана заедничката иницијатива за недискриминација  „Еден до друг – различни, а еднакви“, чии цели се јакнење на свеста за недискриминација и концептот на еднакви можности, донесување на општ Закон за недискриминација и формирање на независна комисија/тело за заштита на човековите права.

Граѓанските организации информираа зошто сметаат дека на Македонија и се потребни активности за антидискирминација, што досега е направено во врска со антидискриминацијата и кои ќе бидат следните чекори.

Во иницијативата меѓудругите се вклучени: Полио плус, Центарот за човекови права и решавање на конфликти, Месечина – Гостивар, Асоцијација за демократски иницијативи – Гостивар, Меѓаши, Македонски центар за права на жените, ХОПС, МЦМС.